**Тема "Пропорционалност на величините " - Наставно ливче Проценти**

**1.** Запиши ги броевите во вид на процент

**а)** $\frac{9}{100}$; $\frac{77}{100}$; $\frac{100}{100}$; $\frac{255}{100}$; **б)** 0,03; 0,17; 2; 2,08; 5,1.

**2.** Кој дел во проценти се црните, а кој белите топчиња на сликата:

**а)**




**б)**




**3.** Пополни ја табелата:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дропка | $\frac{2}{5}$ | | | | $\frac{11}{50}$ | | | $\frac{3}{8}$ | |
| децимален број | | 0,25 | | 1,33 | | 0,5 | | | |
| процент | | | 7% | | | | 15,2% | | 0,4% |

**4.** Напиши ги како нескратливи дропки процентите:

10%=____; 50%=____; 2%=____; 75%=____; 5%=____;

**5**. Колку е : а) 10% од 500 денари, б) 120% од 40 кг, в) 0,8% од 1500 см и г) $2\frac{1}{3}$% од 99 $м^2$?

6. На пакувањето од 1 л млеко пишува дека содржи 3,2% млечни масти. Колико млечни масти во грами содржи млекото?

7. Најди го бројот ако : а) 25% од тој број изнесува 12 б) 150% од тој број изнесува 7,5.

в) $\frac{1}{5}$% од тој број изнесува 1,1 ?

8. Во рецептот на Мила за лимонада пишува дека треба да се измешаат 12% сок од лимон со 22% шеќер и вода. Мила измерила 440 г шеќер, и ја додала потребната количина лимон и вода.

а) Колку лимонада направила ? б) Колку грама лимон има во лимонадата ?

9. Од заштедените 240 денари Младен потрошил 35%. Колку денари му останале?

10. Ако Маја потроши 25% од својата заштеда ќе и останат уште 1500 денари. Колку изнесува нејзината заштеда?

11.Во едно училиште бројот на ученици бил 850. Оваа година се запишале 12% ученици помалку.. Колку ученици има сега училиштето?

12. Братот на Кате вежба задачи за матура. Досега решил 60% од 350 задачи. Колку задачи му останале да реши?

13. Некоја стока поскапела за 120 денари што претставува 8% на старата цена. Одреди ја новата цена на стоката.

14. Цената на една стока по намалувањето од 7,5% изнесува 4255 денари. Одреди ја цената на стоката пред намалувањето.

15. Еден службеник своите годишни приходи ги распределува на следниот начин: 12% за стан, 60% за исхрана, 10% за отплатување на кредит, а останатиот дел 4500 денари ги троши за секојдневни потреби. Колку се неговите вкупни примања ?